# 68. ДУРИ БЕВ МОМА ПРИ МАЈКА




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 68. ДУРИ БЕВ МОМА ПРИ МАМА

1. Дури бев мома при мама
љубев едно лично момче.
Таа љубов не беше верна
дека бевме непосвршени.

Рефрен:
Ах, вие, мои луди млади години
летнавте, ама назад не се вративте.

2. Стројници прати да ме сврши
мене тате не ме даде.
Туку ме даде преку Вардар
за момче, што не го сакам.

Рефрен:
Ах, вие, мои луди млади години
летнавте, ама назад не се вративте.

3. Вино ли беше таа љубов
што ме толку силно опи.
Пијани бевме, без рујно вино,
и без таа љута ракија.

Рефрен:
Ах, вие, мои луди млади години
летнавте, ама назад не се вративте.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996